**Розалина ПОПОВА - КОСКАРОВА**

**373. 24. 02 (485)**

# ПЕДАГОШКИТЕ АСПЕКТИ НА КОНЦЕПТОТ ШУМСКИ ГРАДИНКИ - ИСКУСТВО ОД ШВЕДСКА

**Abstract**
The paper deals with the most important aspects of the model for learning in and throughout nature, which as a concept of preschool education is especially topical in Sweden. We are going to present our impressions from the visit of the kindergartens “I ur och skur” and “Rain and Shine”, that work according to the concept of open kindergartens. Our goal is to present the most characteristic didactic-methodological aspects of this type of experiential learning, which, as a part of the alternative pedagogy, takes an important place not only in Sweden, but in the world, as well. The basic goal is to provide the children with unobstructed interaction with nature, highly developed ecological awareness, as well as to enable them to understand nature as a stimulating environment for learning and development. In fact, the main vision and mission of this type of pedagogy is providing cognitive and socio-emotional development through game, research and learning in nature, and respecting the individuality of each child.
It is interesting that this model of preschool institution implements the official preschool curriculum in Sweden, developed by the Ministry of Education in 1998.
There is difference only in the educational practice. Hence, the didactic-methodological realization includes means which can be used from nature, and in this way the processing of the topic is articulated in a different form compared to the traditional preschool institutions. As a result, the children in the kindergartens are stimulated more, since nature is an inexhaustible source of opportunities for diverse experiences, exciting walks, development of independence, self-confidence, socialization and responsibility, as well as learning and helping one another.
Hence, the basic principles for the realization of the educational goals are the following: the child is the center of attention, mixed age groups, thematic planning, discovery learning, emotional expression through drawings, plays and music (singing and dancing), partnership with the parents and joint activities of the children and educators.

***Key words**: forest kindergartens, experiential learning, Sweden, alternative pedagogy.*

## 1.ПОЗАДИНА

Градинките во Шума како дел од алтернативната педагогија својот почеток го имаат во Канада, а во Европа најраспространети се во скандинавските земји и во Германија.
Тие се алтернативен вид на предучилишно воспитание наменето за деца од 3 до 6 години, што се карактеризира со отвореност , во смисла концепт на отворено, во природа. Независно од временските услови, децата се охрабруваат да играат, истражуваат и учат од природната околина. Така создаваат љубов за зачувување на природата и развиват свест за одржлив развој од најмала возраст.
Воспитувачот во овој концепт е многу малку лидер, а пред се помошник во социјалниот и емоционалниот развој на децата.

## 2.ВОВЕД

Во рамките на предучилишното воспитание во Шведска, доследно се имплементираат основните принципи врз кој се заснова целокупниот образовниот систем, а тоа е на секое дете без оглед на етничката припадност да му се обезбедат најоптимални услови за развој, како и доследно практикување на општествените вредности: меѓусебно почитување, хуманост и солидарност и воспитување во духот на одржливиот развој.
Поаѓајќи од овие темелни вредности, целокупниот курикулум на предучилишното воспитание се заснова на потребата кај секое дете да се развива самостојност, емпатија, самодоверба и меѓусебно почитување.

Предучилишното воспитание во Шведска се карактеризира со развиени форми на реализација: детски центри, детски градинки и дом-семејство кое згрижува од 3-5 деца додека нивните родители се на работа. Покрај државните, постојат и приватни градинки, за кои родителите плаќаат исто како и во државните- според примањата. Покрај класичните, постојат и алтернативни градинки кои својата образовна дејност ја реализираат во природа, или тнр. forest garden. Сепак, сите задолжително го имплементираат националниот курикулум, кој во Шведска е донесен во 1998 год. Основните принципи на курикулумот се : почитување на интересот на детето, искуствено учење во фокусот на вниманието, воспитувач- насочувач и интензивна соработка со родителите. (Попова-Коскарова, 2000)

Разликата единствено е во воспитно-образовната практика. Оттука, ддидактичко-методичката реализација опфаќа средства кои можат да се искористат од природата и на тој начин обработката на темата добива понаква артикулација, отколку кај класичниот тип на предшколски институции.

Во Шведска прввата градинка која работи по овој концепт е отворена во 1985 година.

## 3. ИСТОРИСКО-ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА КОНЦЕПТОТ FOREST KINDERGARDEN

Концептот на градинките во шума својата историско-теоретска основа ја заснова врз филозофијата на Русо, кој уште во 18 век го заговара природното вопситание, односно воспитанието од природата. Основната цел на таквото воспитание е враќање кон природата и однесување во сообразност со природата. Урбаниот начин на живот се повеќе ги отргнува младите од природата. Затоа, овој концепт овозможува учење , истражување и осознавање преку можностите кои ги нуди природата. Но, и нејзино чување. Сите деца преку овој концепт развиваат огромна љубов и свест за чување на природата уште од најмали нозе. Всушност, овој концепт имплементира идеи на Марија Монтесори, Џ.Дјуи, Нил и др. педагози, а во неговата основа значајно место зазема и педагогијата на заедништво за која посебно се залаагаат сестрите Агаци во Италија, а во 20 век најголем поборник е Кјара Лубик. (Попова-Коскарова, 2014)

## 4. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА КОНЦЕПТОТ ГРАДИНКИ ВО ШУМА

Сите други принципи се во согласност со основните постулати врз кои се заснова шведскиот национален курикулум, а тоа се: развивање на самостојност кај децата, почитување на нивниот интерес, учење преку истражување, развивање на интерперсонални вештини, емоционална интелигенција и партнерство со родителите.

Првиот сегмент е **самостојноста на децата**, која ја заговараат низа познати педагози, а посебно Марија Монтеесори со нејзината позната девиза и принцип „Помогни ми сам тоа да го направам''. Почитувајќи го овој принцип, во градниките во шума на децата им се овозможува целосна самостојност во извршувањето на активностите . Тоа имавме можност да го забележиме во текот на нашата посета, кога две дечиња активно учествуваа да се заврзи јажето помеѓу две дрва, на кое потоа ги закачуваа цртежите што ги цртаа повеќето деца. Вообичаено е воспитувачката тоа сама да го направи, но овде, две дечиња ( по сопствена воља) го правеа тоа. Се обидуваа по неколку пати и на крај успееја убаво да го прицврстат јажето на дрвото на ист начин како што на другиот крај го направи тоа нивната воспитувачка. На тој начин децаат од мали нозе се воспитуваат активно да учествуваат и да помагаат во сите работи во градинката.

Вториот сегмент **е максимално почитување на интересот на детето**. Ништо не е обврзно за сите деца. Доколку некое не сака да црта , тоа си има право да не го прави тоа. Во моментов на нашата посета две девојчиња и неколу момчиња се издвоија од групата која црташе и се занимаваат со други активности. Девојчињата отидоа да се лулаат на лулашката, а момчињата си играа брканица во помошната куќичка. На крај, сите изразија интерес да ги погледнат цртежите на нивните другарчиња, па дури и поставуваа прашања од типот. „Што ти значи нацртаното“. А сето тоа проследено со интерперсонална комуникација на активно слушање, кое подразбира внимателно слушање на секого што зборува или објаснува, без прекинување. Така се поставуваат темелите на успешна меѓучовечка комуникација.

Третиот сегмент се принципите на **педагогијата на заедништво** кои заеднички го градат основниот постулат на новата метода, на новата парадигма, а тоа е љубовта меѓу луѓето, која треба да се развива кај децата уште од мали нозе.Всушност, целокупната работа е заснована на дијалог, на взаемно почитување меѓу воспитувачот и детето, подготвеност да се дарува себе си, да се гради меѓусебна доверба, толеранција, хуманост, солидарност, се со единствена цел-развивање на хуманистички пристап и етичка димензија во образованието.

**Партнерство со родителите** -Родителите се максимално информирани за секоја постапка на нивното дете. Впрочем контактот се остварува секојдневно. Општите информации се објавуваат на огласните табли, а секоја активност поврзана со детето, вопситувачите ги информирааат родителите посебно. Од тоа што сработиле тој ден ( пример, цртале или боеле нешто, имале драма или раскажувале приказна ), до конфликтни ситуации со друго дете ( тепачка или некој лош дофрлен збор). Доколку изразат негодување што секој ден од дома го имаат истиот сендвич или овошје, тоа воспитувачите го бележат и истиот ден го пренесуваат на родителите. Имавме можност да видиме како преку мобилен телефон им ги испраќаат снимените цртежи на родителите.

Целокупната воспитно-образовна работа е заснована врз проекти, односно врз тематски целини. Пример, тема: пролет, лето, есен , зима . Тематското планирање потоа се диференцира на содржини кои опфаќаат разновидни сегменти. Имено, се комбинира драма, истражување, когнитивен развој. Драмата е посебно застапена во шведското воспитание уште во рамките на предшколската возраст, а особено се користи кога се работи за изразување на чувства, емоции било кога се тажни, или пак среќни. Драмата се користи посебно во развивањето на емпатијата кај децата.

**Учењето преку истражување и искуственото учење** овде има доминантно место. Секојдневно децата истражуваат , бидејќи природата го овозможува тоа во огромна мера. Имено, на децата им е овозможено преку секојдневните прошетки во шума да истражуваат со вода, со земја,со дрво, со разни видови на животни и растенија. Имавме можност при нашата посета да забележиме како истражуваат во бара, барајќи ги полноглавци од кои се развива жабата. Нивните среќни лица додека со гумените чизми безгрижно шлапкаа во барат и со цедлаките и кантичките брцаа во водата барајќи полноглавци, е навистина незаборавно доживување. Или пак, кога при првиот одмор во шумата едно детенце најде коска од животно, веднаш се започна дискуисија за коски. Никој на детето не му рече да ја фрли коксата , туку напртив, воспитувачките заинтересирано и мошне спонатно го започнаа разговорост за коските, како дел од телото на животните и на човекот, за нивна кршливост и сл. Иако тој ден не беше предвиден за ибработка на содржина за коската, сепак, доколку на патот низ шумаат децата пронајдат нешто, разговорот веднаш се насочува во тој правец. Така децата учат спонтано, но во исто време го развиваат интелектуалниот потенцијал и го богатат сопственото искуство.

Во продолжение ќе истакнеме една интересна традиција за славење роденеден во овие градинки. Имено, кога некое дете слави роденден,да има посебна церемонија. Имено, децата стојат под знамето на Шведска кое стои на висок јарбол во дворот на градинката и пејат роденденска песна, додека славеничката или славеникот го дигаат знамето.Истата церемонија се повторува и по повод државни празници, со тоа што песната е друга. За време на роденденски прослави не се носи торта, туку на децата им се поделува овошна салата која ја носат родителите на славеникот, се разбира доколку сакаат.

## 5. ДИДАКТИЧКИ СРЕДСТВА ВО „FOREST KINDERGARDEN''

Во овој концепт на градинки се применуваат дидактички средства кои се многу природни, или пак се изработени од дрво. Така, имавме можност да забележиме изработени букви и бројки од дрво. Децата го испишуваат своето име со букви кои ги изработуваат од тенки дрвца. Броевите од 1-10 се испишани на округли трупци од дрво , а исто така и сообраќајни знаци. Сите реквизити кои служат како дидактички средства во големиот двор се изработени од дрво. Тука се дрвениот автомобил со две гумени тркала, кајчето, бунарот, куќичките за поладневен одмор. Многу едноставни дрвени играчки, колици, лопатки, гребулки слично, па дури и дрвени кукли, коцки и др. играчки. Сето тоа е ставено во фукција на социо-емоционалниот и когнитивниот развој.

Во време кога претсојуваат во градинката, задолжително седат во круг според одреден редослед кој постојано се менува, за да може секое дете да биде во контакт со друго и да нема отфрлени или неприфатени деца. Така и социјализацијата се подобрува.

Во дворот на градинката има и кокошарник со неколу кокошки. Децата ги хранат кокошките,се грижат за нив, ги вадат и бројат јајцата од кокошарникот, кои потоа ги користат за доручек. Преку викенд родитлите се грижат за да ги нахранат кокошките со предходно направен распоред на дежурства. Притоа, целта на гледањето на пилињата не е само здрави, домашни јајца, туку кога некоја кокошка ќе умре, децата заедно со воспитувачките ја закопуваат, а на тој начин полесно ја сфаќаат филозофијата на животото и смртта.

Помалите деца на возраст од 3 години кои помалку време поминуваат во шума, остатокот од денот го минуваат повторно на отворено, односно во дворот на градинката, бескрајно играјќи во големото игралиште со песок или пак трчкаат низ нерамниот двор во кој има многу корења од дрва и вирчиња со вода. Сето тоа е во функција на развивање на концентрација и внимание при одење, за да можат подоцна без проблеми да се движат во шумата .

## 6. РАЗВИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКА СВЕСТ И СВЕСТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЗДРАВА ХРАНА

Развивањето на еколошката свест и работното воспитание се исто така многу важни аспекти на кои посебно се посветува внимание. Доминатните истражувачки активности во природа овозможуват децата од најрана возраст да сфатат дека пластичното шише или пластичната кеса фрлена како отпад е најголемиот непријател на природата. Тоа се прави на едноставен , но многу ефективен начин. Имено, децата на соодветно место во шумата оставаат пластично шише и хартија. Во текот на прошетките низ шумата, тие набљудуваат и осознаваат што се случува со оставеното шише, а што со хартијата. Забележуваат дека кај него нема никакви промени и по неколку месеци, додека кај хартијата има. На таков начин осознаваат дека пластичните шишиња се големи уништувачи на природата. Значи, методите кои се применуваат се исклучиво искуствено учење, а не дефиниции или учење без разбирање.

Во еден дел од дворот на градинката децата одгледуваат органска храна, посадувајќи разен вид на зеленчук: зелка млад кромид, пиперки и домати. За таа цел, учат како се прави природоно ѓубриво (компост) и тоа уште од нјамалата три годишна возраст се навикнуваат да ги фрлаат во посебен контејнер остатоците од храна, како на пример лушпите од јајца, остатоците од овошје и зеленчук и сл, а во есен ги собираат листовите од дрвјата и учествуваат во правењето на компостот, од самиот почеток до неговото созревање како готово ѓубриво кое помага во растото на малата зеленчукова градина.

Еднаш неделно се подготвува храна на отворено во чија подготовка учествуваат и децата.

## ЗАКЛУЧОК:

**Градинките во шума се перпсепктивен модел и концепт на градинка кој се повеќе ќе се развива како противтежа на урбаниот начин на живот. Имено, престојот во шума , во природа, секојдневно по 5-6 часа подразбира игра, искуствено учење, истражување, валкање, самостојност, авантура, природа, земја, сонце, небо, дожд, ветер, и снег. И сето тоа проследено со многу насмеани и заруменети лица, кои градата основа за здрав живот.** Затоа децата во овие градинки се многу повеќе стимулирани, бидејќи природата е непресушен извор на можности за разновидни доживувања, возбудливи прошетки, развивање на самостојност, самодоверба, социјализација и одговорност, но и учење за помагање едни на други.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРТУРА


1. Popova- Koskarova, Lj. Koskarov (2014)*The Role of The Educator in The Development Of Social Skills in Children,* II Стручно-научен стручен собир со меѓународно учество HOLIPRI, Висока школа струковних студија, Пирот (120-127)
2. Попова-Коскарова, Р ( 2000) Образовниот систем во Шведска, Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски,‘‘ Скопје, ( сепаратно издание)
3. https://sweden.se/society/play-is-key-in-preschool/
4. http://www.essentialkids.com.au/education/school/preschool/where-children-thrive-on